

*Заложбите на Музејот, со самофинансирање да обезбеди презентација на проектот што го застапува на Венецијанското биенале, по ниедна основа не го ставил под прашање учеството на националниот проект на авторот Петар Хаџи Бошков*

### МСУ ГО ВРАЌА УДАРОТ

# Наместо два проекта - ниеден!

„Особено ни е жал што Македонија нема да учествува со проектот на Петар Хаџи Бошков на Венецијанското биенале, но ние немаме ништо со тоа!“ изјави на вчерашната прес конференција директорот на Музејот за современа уметност, Зоран Петровски, отфрлајќи ги категорично сите инсинуации, според кои оваа институција е обвинета за македонското неучество на реномираната ликовна манифестација.

Обвинувањата упатени на адреса на Музејот за современа уметност пристигнаа од екипата на одбраниот проект „Шлем - уметноста како заштита“ на скулпторот Петар Хаџи Бошков, кои на почетокот на неделава искажаа сериозни критики за паралелниот напор на Музејот, освен националниот проект, на Биеналето да учествува и проектот под наслов „Крајот на векот и меланхолијата“, чиј носител е оваа институција.

„Откога беше објавена одлуката на комисијата за изборот на наш, национален претставник на Венецијанското биенале, на барање на тројцата автори на проектот што го застапува МСУ, почнавме да размислуваме за додатна изложба. Уште повеќе поради подготвеноста на уметниците да го самофинансираат презентирањето во Венеција“ вели Петровски, објаснувајќи ја историјата на овој случај. „Во сите наши договори со селекторот на Биеналето, Харалд Земан и неговите асистенти, нагласувавме дека сме заинтересирани за додатна изложба“ вели тој, објаснувајќи дека такви примери постојат во историјата на Биеналето и нивното организирање, паралелно со националната презентација, е корисно за државата која на тој начин покомплексно ја претставува својата ликовна сцена.

„Да беа околностите поинакви, веројатно и сега ќе ги продолжевме нашите напори со спонзорство да го покриеме заминувањето на овој проект во Венеција, но чинам, дека во вакви (општествени з.н.) услови оваа идеја е налудничава“ вели Петровски.

„Навистина е штета што Македонија нема свој претставник, без разлика кој“ рече Соња Абаџиева од Музејот за современа уметност. „И сите овие заложби одат во таа насока - следниот пат да нема грешка и наместо еден, национален проект - да бидеме претставени со два!“

„Не знаеме како Министерството за култура ја водело целата процедура со пријавувањето за Венеција, но вината за неучеството не треба да ни се префрла нам“ потенцираше повторно Петровски. Со оглед на најчесто присутните забелешки дека македонскиот претставник на биеналето во Венеција не патува поради немање пари, целата расправа заврши со срамежливо искажаното сомневање дали министерот за култура ја знае вистинската важност на оваа манифестација, бидејќи на неодамнешното интервју за МТВ изјавил „Зошто да одиме на Биенале, кога Филхармонијата ни е во катастрофална состојба!“

**Ј.Ф.**